Врз основа на членот 31 од Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 83/2006 и /09), министерот за труд и социјална политика, Џељаљ Бајрами и претседателот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура, Којчин Цветаноски на 30 јануари 2009 година, склучија

# С П О Г О Д Б А

1.Најниската плата за најнизок степен на сложеност за вработените во областа на дејноста згрижување и воспитание на децата изнесува 10.970,00 денари.

2.Износот на најниската плата за најнискиот степен на сложеност од став 1 на оваа Спогодба ќе се применува со исплатата на платата за месец јануари 2009 година и натаму.

3.Основната плата на работникот пресметана согласно Колективниот договор неможе да биде пониска од 12.967,00 денари.

| Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија | Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија |
| --- | --- |
| Претседател, | Министер, |
| Дојчин Цветаноски | Џељаљ Бајрами |